Осигурување на имот

Информативен документ за осигурителниот продукт

Осигурителна компанија: Триглав Осигурување АД, Скопје
Продукт: Осигурување од пожар

ПК-пож/25-12

Овој документ претставува краток преглед на информации за осигурителниот продукт и истиот не е прилагоден на вашите индивидуални потреби и барања. Целосните преддоговорни и договорни информации за продуктот се содржани во соодветните услови за осигурување, понудата, полисата за осигурување и други документи што се доставуваат пред или при склучувањето на договорот за осигурување. Внимателно прочитајте ја целата документација за да бидете целосно запознаени со осигурителниот продукт.

Краток опис на продуктот

Осигурувањето од пожар обезбедува финансиска заштита за осигурените недвижности и предмети во нив во случај на оштетување или уништување настанато поради пожар и други договорени ризици.

Што е опфатено со осигурувањето?

Предмет на осигурување:

- ✓ Градежни објекти и нивни составни делови (вградени инсталации и вградена опрема како централно греење, уреди за климатизација и сл.).
- ✓ Подвижни предмети (опрема, машини, инвентар, покуќнина, залихи), ако се наведени во полисата.
- ✓ Други предмети доколку се посебно договорени.

Основни ризици:

- ✓ Пожар и удар од гром
- ✓ Експлозија
- ✓ Луња
- ✓ Град
- ✓ Излевање на вода од инсталација
- ✓ Удар со сопствено моторно возило
- ✓ Паѓање на воздушни летала
- ✓ Манифестации и демонстрации

Дали постојат ограничувања?

- ! Сумите на осигурување, лимитите и учество на осигуреникот во штетата се утврдуваат со договорот за осигурување.
- ! Осигурувањето не ги покрива трошоците за отстранување или намалување на опасности, ниту трошоците за посредување на противпожарни и други друштва, кои по природата на својата работа се должни да пружат бесплатна помош при осигурен случај.
- ! Други ограничувања утврдени во условите за осигурување од пожар.

Каде важи осигурувањето?

- ✓ На територијата на Република Северна Македонија, на местото наведено во полисата, освен ако не е поинаку договорено.

Дополнителни ризици

- ✓ Поплава
- ✓ Лизгање на земјиште
- ✓ Снежна лавина
- ✓ Удар на непознато моторно возило
- ✓ Истекување на течности (лекажа)
- ✓ Самозапалување (пиролиза)
- ✓ Излевање на вжарена маса

Што не е опфатено со осигурувањето?

- ✗ Индиректна штета (губење на кирија, одговорност, прекин на работа и сл.)
- ✗ Нуклеарна реакција, нуклеарна радијација или радиоактивна контаминација
- ✗ Штети поврзани со земјотрес
- ✗ Штети поради дотраеност, лошо одржување или корозија
- ✗ Предмети кои согласно условите не можат да бидат осигурени
- ✗ Останати исклучувања согласно условите за осигурување.

Потребна документација за прием во осигурување

- Валиден документ за идентификација на сопственикот на имотот (лична карта или пасош)
- Имотен лист или лист со предбележување од имотот кој се осигурува
- Дополнителни спецификации по барање на осигурителот

Кои се обврските на осигуреникот?

- Да пријави кај осигурителот настанување на осигурен случај најдоцна во рок од три дена од денот кога дознал за истиот.
- Веднаш да го извести надлежниот орган (полиција) за осигуреният случај кој настанал поради пожар или експлозија и да наведе кои предмети биле уништени или оштетени.
- Да му ги достави сите податоци на осигурителот и други докази кои се потребни за утврдување на причината, опсегот и висината на штетата.
- Да го извести осигурителот за промена на своето име или адреса на живеење во рок од 15 дена од денот на промената.
- Плаќање на осигурителната премија во договорениот рок и на договорениот начин.
- Да ги исполни сите други обврски утврдени во општите услови за осигурување од пожар.

Кога и како се врши плаќањето?

Договарачот на осигурувањето ја плаќа премијата при преземање на полисата, освен ако поинаку не е договорено. Премијата може да се плати во готово, со платежна картичка и преку порталот за плаќање премија (https://e-osiguruvanje.triglav.mk/naplata/naplata), во согласност со тоа како е договорено.

Кога започнува и кога престанува да важи осигурувањето?

Осигурувањето започнува во 24:00 часот на денот чиј датум е запишан во полисата како датум на почеток на осигурувањето, а завршува во 24:00 часот на денот чиј датум е запишан во полисата како датум на истекување на осигурувањето.

На кој начин може да се прекине осигурувањето?

Договорот за осигурување престанува со завршување на периодот за кој е склучен. Во останати случаи договорот за осигурување престанува да важи со отуѓување или со уништување на осигурените предмети по настанување на осигурен случај.